РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 173 | | |

5481

( Образец ПП……)

**До:** Општина Битола
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

Предмет: Јавен повик за прибирање на понуди за користење на урбана опрема – куќарки за продажба на храна, пијалаци и други производи кај Офицерски дом за периодот од 20.12.2025 до 7.01.2026 година.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1.Кои се членовите на Комисијата за спроведување на постапката?
2.Како се избрани членовите на Комисијата и дали има независни членови?
3.Кој врши надзор врз работата на Комисијата за да се избегнат фаворизирања?
4.Зошто огласот бара понудите да се доставуваат само физички, во затворен плик, наместо и електронски?
5.Зошто Општината однапред се оградува од одговорност за „неправилно доставени“ понуди?
6.Како ќе се обезбеди сигурност дека ниту една понуда не е загубена или отворена пред време?
7.Дали ќе се објави целосната листа на сите доставени понуди, со износите?
8.Зошто наддавањето се одвива во „една од просториите на Главната општинска зграда“ наместо во јавен, транспарентен простор?
9.Дали ќе има јавен пренос или присуство на медиуми за време на наддавањето на 26.11.2025?
10.Зошто постапката предвидува „три последователни круга на прибирање нови понуди“ кој го одлучил бројот на кругови и по која логика?
11.Дали Општината јавно ќе ги објави почетните цени за секоја кукарка?
(Во огласот не се наведени.)
12.Како точно се дефинира „повисоко рангираниот понудувач“ и на што се темели рангирањето?
13.Како Општината ќе спречи исто лице да аплицира преку други поврзани правни лица?
14.Кој ќе врши контрола на кукарките за време на празничниот период за да се осигура дека нема препродавање или пренесување на правото на користење?
15.Дали ќе се објави план за инспекциски надзор (хигиена, безбедност, дозволи,

фискализации)?

16.Зошто рокот за потпишување на договор е само 5 дена?

17.Дали тоа е реално за бизнисите?

18.Доколку највисокиот понудувач не плати навреме и правото преминува на следниот дали тоа ќе биде транспарентно објавено?

19.Дали Општината направила анализа на тоа колку кукарки се потребни на локацијата кај Офицерски дом?

20.На што се базира проектот?

21.Каде точно ќе бидат поставени кукарките и дали ќе биде објавена мапа?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил

[redacted]

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола,01.12.2025 година .**

[redacted]

однесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Градоначалник
Тони Коњановски

Бр.11-173/2
09.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-173/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА ... МАКЕДОНИЈА
11. 12. 2025
11 173/3

**Градоначалник**

До

Лица за посредување при остварување на правото за пристап до информации од јавен карактер

Марија Атанасовска

Емилија Илиевска

09.12.2025

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted] – Јавен повик за прибирање на понуди за користење на урбана опрема – куќарки за продажба на храна, пијалоци и други производи кај Офицерски дом за период од 20.12.2025 до 07.01.2026**

Почитувани,

Во врска со прашањата доставени, согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Јавниот оглас за прибирање на понуди за користење на урбана опрема – куќарки за продажба на храна, пијалоци и други производи кај Офицерски дом за период од 20.12.2025 до 07.01.2026, е спроведен согласно јавно објавениот оглас на веб страната на Општина Битола на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2025/11/Оглас-2025.pdf.

Согласно начелата за транспарентност, покрај објавувањето на општинските канали за информирање, јавниот оглас за поголема достапност и проактивна транспарентност беше испратен и за објава до медиуми.

Решението за формирање на комисијата за спроведување на огласот за прибирање на понуди е изготвено согласно член 50 од Законот за локална самоуправа, а комисијата ја сочинуваат:

Соработник за поддршка на занаетчиството, угостителството и туризмот, мали и средни претпријатија, помлад соработник за културни манифестации и советник за оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба.

Изборот на членовите се врши од општинската администрација, согласно описот на работните задачи на соодветното работно место. На отворањето на понудите присуствуваат заинтересираните понудувачи.

Огласот јасно го дефинира начинот на доставување на понудите во затворен плик, како метод кој е избран за да се обезбеди тајност на понудите до моментот на јавното отворање, со што се гарантира фер и транспарентна постапка за сите учесници.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Употребата на хартиена достава (физичко доставување во затворен плик) е оправдана и конзистентна со фундаменталните принципи и процедури кои се опишани во повеќе прирачници и водичи за спроведување на вакви постапки, вклучувајќи и прирачници компатибилни на европското законодавство. (Пример ПРАГ и слично. Договорниот орган кој го објавува огласот го дефинира начинот на спроведување на постапката, која треба да биде во согласност со законската регулатива).

Во врска со прашањето број 5, кое се однесува на делот од огласот: „Општина Битола нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата, нејзино предвремено отворање или губење на истата", општината не „се оградува од одговорност", како што стои во прашањето, туку дефинира критериуми според кои, како дефиниран протокол треба да се спроведе постапката, а истиот треба да се почитува и од понудувачите и од лицата задолжени за прием на понудите и спроведување на постапката.

Секоја пристигната понуда е соодветно евидентирана согласно условите во огласот и уредбата за архивско и канцelариско работење (одговор на прашање бр.6).

Информациите за постапката по јавниот оглас, ќе бидат објавени согласно Законот за заштита на лични податоци, почитувајќи ја транспарентноста и јавниот интерес (прашање бр.7).

Во врска со прашањето, зошто постапката се одвива во општинската зграда, наместо на јавен и транспарентен простор, нагласуваме дека, се работи за постапка со документација, процесот не може да се спроведе на отворен простор, но општината како институција која работи во интерес на граѓаните, секогаш е отворена за граѓаните, како и во спроведување на постапки во согласност со обврските кои произлегуваат од соодветните закони.

На спроведувањето на постапката по јавниот оглас присуствуваа 16 од 17 пријавени понудувачи.

За прашањето број 9, информираме дека, на 26.11.2025, присуствуваа заинтересираните понудувачи, при што е испочитувана законската регулатива со која се спречува откривање на лични податоци на физичките лица (субјектите на лични податоци), како што се нивното име и презиме, матичен број на граѓанинот, како и податоци поврзани со нивниот економски идентитет (понуди, финансиски состојби), што претставуваат информации кои се однесуваат на идентификувано физичко лице.

Ова се однесува на претставниците на правните лица, поради фактот што во текот на наддавањето се откриваат податоци за физички лица (на пример, имиња на претставници, сопственици или одговорни лица во правниот субјект, кои се третираат како лични податоци на физички лица), а заштитата на тие специфични податоци се регулира Законот за заштита на лични податоци.

Во прашањето број 10, напоменуваме дека „три последователни круга", се критериум за кој е извршена проценка дека одговара на видот на јавниот оглас и дава еднаква шанса за сите заинтересирани понудувачи.

Во врска со прашањето број 11, Ви сугерираме на дополнителна проверка на огласот, затоа што во истиот јасно е наведена почетната цена од 18.000,00 (осумнаесет илјади) денари, објаснета во точка 1 Урбана опрема за продажба на храна, пијалаци и други производи.

За избрани ќе се сметаат тринаесетмината понудувачи кои понудиле највисоки цени за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом, по последниот круг од јавното наддавање. Ова го дефинира одговорот на Вашето прашање со кое прашувате како се дефинира „повисоко рангираниот понудувач", со што, како што е наведено во огласот

повисоко рангираниот понудувач има предност при избор на куќарка за време на примопредавањето.

Рангирањето се темели на понудениот износ.

Во врска со прашањето број 13 во дел IV Доставување на понуди, е наведено:

5.2. Секое правно лице има право да аплицира на јавниот оглас само за една куќарка. Доколку по увид во приложената документација, се утврди дека исто физичко лице е управител, овластено лице или сопственик на најмалку два понудувачи, или пак најмалку два понудувачи имаат седиште на иста адреса, нивните понуди ќе бидат отфрлени и нема да можат да учествуваат на јавното наддавање.

Комисијата врши проверка на документацијата согласно наведениот услов. Евентуални отстапки од наведеното, можат да бидат предмет за проверка согласно позитивните законски прописи.

Во дел III. Обврски на закупецот, дефинирани се обврските на закупецот, а општината во рамките на својата надлежност, согласно условите во огласот, ќе врши контрола на терен преку општинскиот инспекторат, а по потреба и со координирано делување со други надлежни органи.

Инспекцискиот надзор се врши согласно годишната програма за работа на Секторот Општински инспекторат.

Рокот за потпишување на договорите е 5 дена, согласно дел VIII. Склучување на договори, дефиниран како начин на постапување за успешно спроведување на активностите и отпочнување со работа.

За прашањето број 17, проценките на Општина Битола, базирани на досегашното искуство, говорат дека рокот од 5 дена за склучување на договори е прифатлив за бизнисите.

За прашањето број 18, напоменуваме дека сите информации се објавуваат транспарентно почитувајќи го јавниот интерес и важечките закони.

Бројот на куќарки кај Офицерски дом, општината го утврдува според искажаниот интерес и во согласност со состојбата и условите на теренот, во корелација со целите кои произлегуваат од Програмата за туризам.

Како што е наведено во огласот, затворената урбана опрема – типизирана куќарка за продажба на храна, пијалаци и други производи, ќе биде поставена на патеката кај Офицерскиот дом. Имајќи ги предвид намената и видот на куќарките, како што стои во огласот „типизирана куќарка за продажба на храна, пијалаци и други производи", изготвувањето на мапа не е предвидено.

Со почит,

Градоначалник на општина Битола

Тони Коњановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-173/4
11.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted]однесено на **01.12.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на[redacted]о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-173/2025** од **01.12.2025 година**, во врска со јавниот повик за користење на урбана опрема-куќарки за продажба на храна и пијалоци и други производи кај Офицерски дом за период 20.12.2025-07.01.2025 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателo[redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-173/2025 на ден 01.12.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации врска со јавниот повик за користење на урбана опрема-куќарки за продажба на храна и пијалоци и други производи кај Офицерски дом за период 20.12.2025-07.07.2025 година.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-173/1 од 01.12.2025.
2. Допис до Градоначалник на Општина Битола бр.173/2 од 09.12.2025.
3. Одговор од Градоначалник на Општина Битола бр.173/3 од 09.12.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 11.12.2025 година, под бр. 11-173/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на**
**правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА